Архивски број: 08-382/5
Датум: 12.06.2026

Врз основа на постапката поведена по службена должност со Одлуката бр.08-382 од 22.04.2026 година за заштита од дискриминација на група станари во ------ врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во областа на домување и социјална сигурност, како и подрачјето на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување и здравствена заштита, како и оневозможување на пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост и здравствена состојба преку оневозможување на **пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите, како и необезбедување на соодветно прилагодување** од страна на ------ во областа на домување кон ------ .

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 03.04.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата) од страна на станарите на ------ доставена е информација преку е-маил во кој се наведува дека ------ не е пристапен за станарите со одреден вид на попречености и намалена подвижност, бидејќи до лифтовите и излезите се пристапува преку скали, поради што дел од станарите кои користат инвалидска количка или се движат со помагала не можат самостојно да се движат низ објектот и да го напуштат истиот. Во истата информација се наведува дека ваквата состојба трае подолг временски период, дека повеќепати биле доставувани барања за интервенција и предложени решенија на проблемот до ------, но и дека покрај тоа не биле преземени мерки за отстранување на архитектонските бариери. Во прилог на истото доставени се и фотографии и друга документација како поткрепа на тврдењето.

Врз основа на доставената Информација, Комисијата донесе Одлуката бр.08-382/2 од 22.04.2026 година за поведување на постапка по службена должност против ------, за утврдување на дискриминација кон ------ ------, како и оневозможување на пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите.

Врз основа на Одлуката, Комисијата со барање бр.08-382/3 од 22.04.2026 година, се обрати до ------, со барање за произнесување по наводите во истата.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во доставениот одговор бр. 08-382/4 од 15.05.2026 година ------ наведува дека во конкретниот случај не постои намера за ставање во понеповолна положба на одредена група на станари и дека се работи за објективна техничка состојба на објект изграден во претходен временски период и дека секоја интервенција од градежен, технички или инфраструктурен карактер е условена со обезбедување буџетски средства, стручна проценка, јавна набавка и усогласеност со техничките стандарди. Дополнително наведуваат дека не постојат законски услови за утврдување дискриминација ниту за понатамошно водење на постапката.

**Заради објективно постапување за конкретниот предмет, на 06.05.2026 година во 10:00 часот Комисијата изврши увид во просториите на ------ во врска со предмет бр. 08-382/1 од 22.04.2026.** Присутни лица од ------ ------, ангажирана за поддршка на лицата во ------ и ------.

Од увидот на лице место се утврди дека влезовите на зградата воопшто не се функционални за луѓе со потешкотии во движењето од причина што сите четири влеза се непристапни. Два влеза воопшто немаат лифт, а другите два влеза имаат најпрво десет скали надолу до влезната врата, а потоа уште десет нагоре до лифтот. Има рампи кои воопшто не ги задоволуваат законските стандарди и по кои неможе да се движат лицата со потешкотии во движењето. Од разговорот со станарите ни беше кажано дека некои од нив заради овие причини повеќе години не се излезени надвор од зградата или некои кои биле на операции и се тешко подвижни не можат да се вратат во станот за кој плаќаат закупнина. И негувателката ------ кој беше присутна на увидот потврди дека луѓето се соочуваат со големи проблеми, да влезат и излезат од зградата поради нивната возраст и здравствената состојба, бидејќи таа секојдневно е со нив и им помага.

Инаку, приземјето на зградата е издадено на ------ маркет, на приватна градинка на која и е обезбеден пристапен излез од задната страна и на уште неколку други објекти.

За станарите во ------ нема пристап ниту со возило (погребално, брза помош, пожарна) до зградата бидејќи станарите на соседната зграда ставиле рампа и го оневозможиле пристапот до зградата со возило, а на другата страна кај ------ маркетот има поставено препреки за да не може возило да поминува. И за тоа е известен ------, но пак немало реакција.

Инаку дворот околу зградата е убав парк со клупи кој пензионерите кои живеат во зградата би сакале да го користат, но не можат бидејќи не можат да излезат од зградата.

Самите жители на домот имаат предлог решение за пристапноста и тој се однесува на тоа да биде ослободена една просторија која се користи како магацин за стар мебел во приземниот дел, истиот да се отвори, да се стави рампа и патека и преку неа од лифтот луѓето ќе можат да излезат веднаш во дворот на зградата преку задната врата. Потребно е да се направи само една мала рампа преку четири скали кои од лифтот водат до просторијата, а потоа во дворот на зградата.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имајќи ги во предвид наводите во информацијата и доставената фотодокументација, непосредниот увид во домот, произнесувањето од ------ и останатите докази, Комисијата утврди дека во ------ постојат архитектонски бариери кои го ограничуваат или оневозможуваат самостојното движење на станарите со попреченост и намалена подвижност. Од доставените докази произлегува дека непреземањето активности од страна на ------ доведува до непристапност на одредени делови од објектот и оневозможеност за излегување од самиот објект. Во конкретниот случај, Комисијата утврди дека постојните архитектонски бариери не претставуваат само технички недостаток на објектот, туку создаваат реална и долготрајна пречка за рамноправно користење на инфраструктурата, добрата и услугите од страна на станарите со попреченост и намалена подвижност.

Комисијата дополнително оцени дека постојната инфраструктурна поставеност, иако навидум неутрална, создава несразмерно негативни последици за лицата со попреченост и намалена подвижност, што ги исполнува и елементите на индиректна дискриминација од член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација .

Врз основа на член 4 став 4 од истиот закон „Соодветно приспособување“ е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможувањето на соодветно приспособување е дискриминација.

Врз основа на член 4 став 5 од истиот Закон „Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите“ подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. Оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација.

Врз основа на член 9 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ООН лицата со посебни потреби имаат право на пристап до сите аспекти на општеството на еднаква основа со другите, вклучувајќи ја и физичката средина, транспортот, информациите и комуникациите и други објекти и услуги обезбедени за јавноста.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

## ПРЕПОРАКА

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ------ во рок од 30 дена од приемот на ова мислење, да изготви стручна проценка за пристапноста на ------ со цел утврдување на архитектонските бариери, како и изнаоѓање на соодветно решение за надминување на проблемот и обезбедување на непречено движење на станарите со потешкотии во движењето;

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ------ во рок од 90 дена од приемот на ова мислење да обезбеди функционален и пристапен влез во ------ за лицата со попреченост и намалена подвижност, преку отстранување на постојните архитектонски бариери или примена на друго соодветно техничко решение кое ќе овозможи рамноправен пристап до инфраструктурата, добрата и услугите во домот и во заедницата;

3. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ------ во рок од 30 дена од приемот на ова мислење да стапи во контакт со ------ и да изнајде решение за да се обезбеди пристап до влезот на домот за возила на брзата помош, противпожарните возила и други сервисни возила за потребите на станарите, со што во состојба на итност или катастрофи би можеле навремено да ја обезбедат својата поддршка.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,

Претседател
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk